Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на членовите 42 и 63 од Деловникот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а во врска со примена на член 37 став 1 алинеа 1 од Законот за судовите (Службени весници на РМ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и 96/19), на седницата одржана на ден 04.02.2025 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К

**Иницијативата за утврдување начелно правно мислење или начелен став поднесена од адвокат Ристо Новаковски од Охрид, од Адвокатско друштво Гоцо, Кичеец и Новаковски од Охрид, заведена под Су-03 бр. 747/24 од 12.11.2024 година НЕ СЕ УСВОЈУВА.**

## О б р а з л о ж е н и е

До Врховниот суд на Република Северна Македонија поднесена е Иницијатива за утврдување начелно правно мислење или начелен став, од адвокат Ристо Новаковски од Охрид, од Адвокатско друштво Гоцо, Кичеец и Новаковски од Охрид.

Во иницијативата подносителот, адвокат Ристо Новаковски од Охрид, повикувајќи се на член 12 од Уставот на Република Северна Македонија и Амандман III на Уставот на РСМ, член 37 ст.1 т.1 од Законот за судовите и член 63 од Деловникот на Бр во XIV поглавија, на 24 страни, бара Врховниот суд да донесе начелно правно мислење или начелен став со кој ќе се утврди дека:

„Во максималното времетраење на притворот од две години по правосилноста на Обвинителниот акт, се засметува и времето поминато во притвор определен до правосилноста на првостепената пресуда, како и времето поминато во затвор врз основа на правосилна пресуда која подоцна е укината.„

Како основи за иницијативата, се наведува постапка која била во фаза на главна расправа која се одвивала по трет пат, бидејќи претходно донесените осудителна пресуда на Основниот суд Охрид потврдена со пресуда на Апелациониот суд Битола, биле укинати со пресуда на Врховниот суд на РСМ и предметот бил вратен на повторно одлучување на првостепениот суд и дека ова упатувало дека кривичната постапка е во фаза на главна расправа. Со оглед на горенаведеното, подносителот на иницијатива дава хронологија на настаните по конкретниот предмет.

Во прилог на иницијативата доставени се прилози во врска со хронологијата на настаните по овој конкретен предмет, како и решенија во врска со притвор, поврзани со конкретниот предмет опфатен со иницијативата.

Согласно член 37 став 1 од Законот за судовите, Врховниот суд на РСМ, утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството во примената на законите од страна судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите

или по иницијатива на седниците на адвокати и ги објавува на веб.страницата на Врховниот суд на Република Македонија. Согласно член 63 од Деловникот на Врховниот суд, Општата седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите. Начелен став претставува стојалиште кое го утврдува Врховниот суд на Република Северна Македонија по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите. Начелно правно мислење е стојалиште на Врховниот суд на Република Северна Македонија за одредено прашање, за кое на Општата седница е заземен став поради невоедначена пракса во примената на законите.

Со оглед на тоа дека поднесената иницијатива и доставените прилози не укажуваат на различна судска практика и нееднаквост во примената на законите од страна на судовите, од кои би произлегла потреба од утврдување на начелен став или начелно правно мислење по правно прашање и не постои невоoедначена судска пракса, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија донесе Заклучок со кој не се усвои Иницијативата за утврдување начелно правно мислење или начелен став поднесена од адвокат Ристо Новаковски од Охрид, од Адвокатско друштво Гоџо, Кичеец и Новаковски од Охрид, заведена под Су-03 бр. 747/24 од 12.11.2024 година.

**Општа седница на Врховниот суд**
**на Република Северна Македонија**